# THE IMPACT OF THE COVID-19 PANDEMIC ON INTERNATIONAL TRADE

**Emilija Miteva-Kacarski**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia, emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Kostadinka Panova**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia, kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk
**Vesna Georgieva Svrtinov**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia, vesna.svrtinov@ugd.edu.mk

**Abstract:** Covid-19 is rapidly changing the world. World trade is expected to fall by between 13% and 32% in 2020 as the COVID-19 pandemic disrupts normal economic activity and life around the world. The wide range of possibilities for the predicted decline is explained by the unprecedented nature of this health crisis and the uncertainty around its precise economic impact. The increasing spread of the virus has caused a significant amount of governments to introduce measures that shut down businesses temporarily and have restricted travel and the movement of people. These measures will lead to sharp contractions in the level of output, household spending, investment and international trade. Estimates of the expected recovery in 2021 are equally uncertain, with outcomes depending largely on the duration of the outbreak and the effectiveness of the policy responses.
**Keywords:** COVID-19, world trade, economic shock, global financial crises.

# ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛНАТА ПАНДЕМИЈА КОВИД-19 ВРЗ МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА

**Емилија Митева-Кацарски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република С. Македонија, emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Костадинка Панова**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република С. Македонија, kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk
**Весна Георгиева Свртинов**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република С. Македонија,
vesna.svrtinov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Глобалната пандемија КОВИД 19 мошне брзо почна да го менува светот. Очекувањата се движат во насока на пад на глобалната трговија помеѓу 13% и 32%, бидејќи како последица на КОВИД 19 дојде до нарушување на нормалната економска активност. Предвидувањата за рапидното намалување на глобалната трговија се објаснуваат преку непредвидливата природа на оваа здравствена криза како и поради неизвесноста во врска со прецизната проценка на нејзиното економско влијание. Ширењето на вирусот со забрзана динамика предизвика голем број на влади да наметнат мерки со кои привремено се прекинуваат одредени деловни активности и се ограничува патувањето и движењето на луѓето. Овие мерки резултираат со значителен пад на обемот на производство, потрошувачка, инвестиции како и меѓународна размена. Предвидувањата за очекуваното закрепнување во 2021 година, се исто така неизвесни при што резултатите во голема мера зависат од времетраењето на пандемијата како и од ефективноста на превземените владини мерки.
**Клучни зборови**: КОВИД 19, глобална трговија, економски шокови, глобална финансиска криза.

## 1. ВОВЕД

Глобалната пандемија КОВИД 19 предизвика огромни нарушувања во глобалната економија и светската трговија, што резултираа со намалување на производството и потрошувачката низ целиот свет. Со брзото ширење на вирусот, се повеќе и повеќе земји превзедоа мерки за социјално дистанцирање. Поради недостаток на вакцина или ефикасен медицински третман, земјите се свртуваат кон не-фармацевтски интервенции во насока на спречување на ширењето. Стапката на репродукција на вирусот заедно со релативно големиот удел на пациенти за кои е потребен медицински третман, ја прават неопходна потребата од превземање на вакви мерки. Мерките за социјално дистанцирање имаат големи економски ефекти. Повеќето сектори во економијата, како што се ресторанти како и голем дел од продавниците за мало се затворени и не работат. Побарувачката за туристички услуги е драстично намалена и луѓето почнуваат да

ја одложуваат потрошувачката на трајни добра, поради тешкотиите при купувањето и неизвесноста за иднината. Затворањето на училиштата, болестите како и социјалното дистанцирање ги принудуваат луѓето да останат дома и/или да работат од дома доколку е возможно, што доведува до намалување на понудата на работна сила (Bloom, 2020). Трошоците за меѓународна размена растат поради зголемените гранични контроли, додека пак компаниите кои работат со сложени синџири на вредности имаат проблем со организирањето на своето производство поради дисконтинуитетот кој што се појавува во различни фази од производствениот процес како последица на фактот што мерките за социјално дистанцирање се наметнуваат во различно време во различни земји.

Владите одговорија преку мерки на фискалната и монетарната политика, зголемувајќи ги трошоците за здравствена заштита, поголеми приходи за работниците во погодените сектори, зголемена ликвидност за компаниите како и интервенирање на финансиските пазари. Сепак, од друга страна, показателите на економската активност во САД, Европа и Кина покажуваат намалување на истата (OECD, 2020a). Предвидувањето на економските ефекти од кризата е комплексно, како резултат на влијанието на многу фактори. Во моментов, не е јасно колку време земјите ќе треба да продолжат со мерките за социјално дистанцирање и како би изгледала стратегијата за излез од ваквата ситуација. Сеуште нема ефикасен медицински третман против вирусот, а равојот на вакцина се очекува да трае од 12 до 18 месеци. Ќе успеат ли државите да го контролираат вирусот преку мерките за социјално дистанцирање?Ќе успеат ли државите да ги координираат своите политики така што ограничувањата на меѓународниот транспорт и меѓународната размена би биле сведени на минимум? Одговорите на овие отворени прашања ќе имаат силно влијание врз очекуваната економска штета од вирусот КОВИД 19 и придружните мерки за социјално дистанцирање.

## 2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГЛОБАЛНАТА ТРГОВИЈА ВО 2019 ГОДИНА

Глобалната трговија со стоки стагнираше во 2019 година, како резултат на постојните трговски тензии и заврши со негативна стапка на раст. Ваквата состојба квартално, мерена според просекот на увоз и извоз е прикажана на графикон 1:

***Графикон 1. Увоз и извоз на стоки на глобално ниво, 2015Q1-2019Q4***




Извор: WTO Secretariat and UNCTAD.

Како што може да се види од графиконот, трговијата во четвртиот квартал е намалена за 1.2% во споредба со третиот квартал или за 4.6 % на годишно ниво (UNCTAD, 2020). Увозот и извозот на стоки, по региони е прикажан на графикон 2:

***Графикон 2. Извоз и увоз на стоки по региони, 2015Q1-2019Q4***




Извор: WTO Secretariat and UNCTAD.

Податоците презентирани во графиконот укажуваат на голем пад на извозот на регионот Јужна Африка и кај категоријата Останати региони во втората половина на 2019 година, додека Европа, Северна Америка и Азија регистрираа минимален раст или плаг пад на извозот. На страната на увозот, остар пад е евидентен кај регионот Јужна Африка, а исто така со намален увоз годината ја завршуваат и Европа, Северна Америка и Азија. Единствено кај категоријата Останати региони, увозот продолжува да расте со годишно ниво на раст за секој квартал од 1,9% на 4,9% во 2019 година (WTO, 2020).

**КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГЛОБАЛНАТА ТРГОВИЈА ВО 2020 ГОДИНА**

Како последица на глобалната пандемија КОВИД 19, очекувањата се движат во насока на пад на глобалната трговија меѓу 13% и 32%, кој пад веројатно ќе го надмине трговскиот пад предизвикан од глобалната финансиска криза во 2008/09 година (IMF, 2020). Растот на глобалната трговија со стоки во периодот 2000-2022 согласно проекциите е прикажан на графикон 3:

***Графикон 3: Обем на светската трговија со стоки, за периодот 2000-2022***




Извор: WTO Secretariat.

Согласно претходната анализа, глобалната трговија регистрираше пад и во 2019 година, како последица на трговските тензии и забавениот економски раст. Предвидувањата за трговските индикатори одат во насока на две различни сценарија и тоа: релативно оптимистично сценарио, со остар пад на трговијата проследено со закрепнување што започнува во втората половина на 2020 година и повеќе песимистичко сценарио со посилен првичен пад и подолготрајно и нецелосно закрепнување. Според оптимистичкото сценарио, закрепнувањето ќе биде доволно силно за да ја доближи трговијата со нејзиниот пред-пандемичен тренд, претставена со испрекинатата жолта линија во графиконот 3, додека песимистичкото сценарио предвидува само делумно закрепнување. Трговските индикатори, согласно двете сценарија, се прикажани во табела 1:

***Табела 1. Трговија со стоки, 2018-2021[100](промени на годишно ниво во %)***

| | | | Оптимистично сценарио | | Песимистичко сценарио | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 |
| **Обем на светската трговија со стоки** | 2.9 | -0.1 | -12.9 | 21.3 | -31.9 | 24.0 |
| **Извоз** | | | | | | |
| **Северна Америка** | 3.8 | 1.0 | -17.1 | 23.7 | -40.9 | 19.3 |
| **Јужна и Централна Америка** | 0.1 | -2.2 | -12.9 | 18.6 | -31.3 | 14.3 |
| **Европа** | 2.0 | 0.1 | -12.2 | 20.5 | -32.8 | 22.7 |
| **Азија** | 3.7 | 0.9 | -13.5 | 24.9 | -36.2 | 36.1 |
| **Останати региони** | 0.7 | -2.9 | -8.0 | 8.6 | -8.0 | 9.3 |
| **Увоз** | | | | | | |
| **Северна Америка** | 5.2 | -0.4 | -14.5 | 27.3 | -33.8 | 29.5 |
| **Јужна и Централна Америка** | 5.3 | -2.1 | -22.2 | 23.2 | -43.8 | 19.5 |
| **Европа** | 1.5 | 0.5 | -10.3 | 19.9 | -28.9 | 24.5 |
| **Азија** | 4.9 | -0.6 | -11.8 | 23.1 | -31.5 | 25.1 |
| **Останати региони** | 0.3 | 1.5 | -10.0 | 13.6 | -22.6 | 18.0 |

Извор: WTO Secretariat.

Според двете сценарија, како што е презентирано во табелата, сите региони ќе претрпат двоцифрен пад на извозот и увозот во 2020 година, освен категоријата „Останати региони“ (што ги сочинуваат Африка, Блискиот исток и Комонвелтот на независни држави (ЗНД), вклучително и асоцијативни и поранешни земјичленки). Ова, пред се, се должи на фактот што земјите од овие регони претежно извезуваат енергетски производи, чија што побарувачка релативно не е под влијание на промената на цените. Доколку пандемијата се стави под контрола и повторно се зголеми обемот на трговска размена, повеќето региони би можеле да забележат двоцифрени стапки на раст од околу 21% во 2021 според оптимистичкото сценарио и 24% според песимистичкото сценарио.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Економските последици од пандемијата КОВИД 19 наметнуваат потреба од правење на паралела со глобалната финансиска криза од 2008-09 година. Овие две кризи се слични во одредени погледи, но многу различни во други. Како и во периодот на глобалната финансиска криза од 2008-09 година, владите повторно интервенираа со мерките и инструментите на монетарната и фискалната политика за да се спротивстават на падот и да обезбедат привремена поддршка на приходот на деловните субјекти и на домаќинствата. Сепак, ограничувањето на движењето и социјалното дистанцирање за да се забави ширењето на болеста значеше дека понудата на труд, транспортот и патувањето се директно погодени на начин на кој не беа во периодот на глобалната финансиска криза. Дојде до затворање на цели сектори во националните економии, вклучувајќи хотели, ресторанти, трговија на мало, туризам како и значителен дел од производствените погони. Имајќи ги предвид овие околности, предвидувањата би се базирале на веродостојни претпоставки за ширењето на болеста.

Други два аспекти по кои што се разликува тековната од глобалната финансиска криза во 2008-09 година се улогата на синџирот на вредност како и трговијата со услуги. Нарушувањето во синџирот на вредност веќе беше евидентно кога болеста беше првенствено карактеристична за Кина, но со распространувањето на истата уште повеќе дојде до израз. Постои веројатност дека ќе биде регистриран пад на трговијата во секторите со сложен синџир на вредност, како што се електрониката и автомобилската индустрија.

[100] Податоците за 2020 и 2021 се базирани на предвидувања.

Трговијата со услуги може да биде компонента на глобалната трговија, која директно е погодена од пандемијата КОВИД 19 преку наметнување на ограничувања за транспорт и патувања како и затворање на многу претпријатија од малопродажбата и угостителството. Сепак, некои видови услуги може да имаат корист од тековната криза, како на пример услугите од областа на информатичката технологија, за кои се зголеми побарувачката во последно време со цел да им се овозможи на вработените да работат од дома како и на луѓето во одржувањето на нивната комуникација со остатокот од светот.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Barro, R. J., Ursúa, J. F., & Weng, J. (2020). The coronavirus and the great influenza pandemic: Lessons from the "spanish flu" for the coronavirus's potential effects on mortality and economic activity. National Bureau of Economic Research Working Paper No. 26866.

Bloom, N. (2020). Working from home can make people more productive. Just not during a pandemic. [In person].[https://www.vox.com/2020/3/20/21187469/work-from-home-coronavirus-productivity-mental-health-nicholas-bloom].

Deutsche Bank Research (2019) "Deutsche Bank Research Outlook 2020 Fragile – handle with care" 20 December 2019.

Deutsche Bank Research (2020) "Impact of COVID-19 on the global economy Update 2: Severe recession" Economics Special Report, 18 March 2020.

IMF (2020) "World Economic Outlook, April 2020 -- The Great Lockdown" Available at: https://www.imf.org/en/Publications/WEO/Issues/2020/04/14/weo-april-2020.

OECD(2020a). OECD Interim Economic Outlook. Coronavirus: the world economy at risk. https://www.oecd.org/economic-outlook/

OECD(2020b). Evaluating the initial impact of COVID-19 containment measures on economic activity. http://www.oecd.org/coronavirus/en/

Oxford Economics (2020). World Economic Prospects March 2020 2nd Update. https://www.oxfordeconomics.com/

United Nations Conference on Trade and Development (2020), Covid-19: A 10-point action plan to strengthen international trade and transport facilitation in times of pandemic. Retrieved from https://unctad.org/en/PublicationsLibrary/presspb2020d3_en.pdf

United Nations Conference on Trade and Development (2020), Global trade impact of the coronavirus (COVID-19) epidemic. Retrieved from https://unctad.org/en/PublicationsLibrary/ditcinf2020d1.pdf

WTO (2020) Trade set to plunge as COVID-19 pandemic upends global economy, Press/855Press Release, 08 April 2020. Available at: https://www.wto.org/english/news_e/pres20_e/pr855_e.htm.